Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016) и одлуката за основање на Здружението „Малешевци за Малешевијата“. Основачкото собрание на здружението, на седницата одржана на ден 22.04.2023 година годонесе следниов:

# С Т А Т У Т
# на
# Здружение Малешевци за Малешевијата
# од Берово

## Општи одредби

### Член 1

Здружението „Малешевци за Малешевијата“ од Берово е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, како и заради вршење на дејности и активности за поттикнување на моралните вредности, зајакнување на меѓуетничките односи и економкси развојна територијата на РС. Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законот.

### Член 2

Граѓаните се здружуваат во Здружението, заради остварување на доброволни, непартиски, непрофитни, демократски односи кои се насочени кон заштита на интересите на членовите на Здружението, со цел подобрување, унапредување и развивање на малешевскиот регион на маргинализираните групи во општеството со посебен фокус на малешевци во малешевијата и тие што се иселени и на целата заедница, граѓанскиот и бизнис секторот.

### Член 3

Здружението „Малешевци за Малешевијата“ од Берово, дејствува на територијата на РСМ, а се организира за подрачјето на општините Берово и Пехчево. Здружението во своето дејствување може да се проширува на национално ниво и може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции, и да членува во асоцијации во земјата и странство согласно Уставот и Законот на РСМ и овој Статут.

### Член 4

Здружението како Здружение на граѓани своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, со овој Статут и Законите на РС Македонија.

### Член 5

Називот на здружението на граѓани е:
**Здружение на граѓани Малешевци за Малешевијата**
Името на англиски јазик е:

**Citizens Association Maleshevci for Maleshevia**

Скратениот назив на Здружението е:

**ЗГ Малешевци Берово**

**Член 6**

Седиштето на здружението е во Берово на ул. Леонидова, бр. 2, а се организира и делува на подрачјето на општина Берово и Пехчево, на територијата на Република Северна Македонија и останатите земји.

**Член 7**

Здружението Малешевци за Малешевијата од Берово има својство на правно лице со права обврски и одговорности кои произлегуваат од овој Статут и законските прописи. Здружението Малешевци за Малешевијата од Берово го претставува застапува Претседателот. Здружението има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението Малешевци за Малешевијата - Берово на Македонски јазик со кирилично писмо, а на средината стои логото на Здружението.

Штембилот на Здружението е правоаголен со следниот текст: Малешевци за Малешевијата Берово на Македонски јазик со кирилично писмо, со рубрика, деловен број и датум.

## Цели и задачи на Здружението

**Член 8**

Основна цел на Здружението „Малешевци за Малешевијата" е поддршка и развојот на општеството во кое социјално ранливи категории на граѓани се третираат еднакво во нивните права, преку директна интеракција за да ги подобриме економските, културни и образовни состојби. Исто така цел на Здружението е заеднички да ги вратиме малешевските граѓани кон корените и еснавскиот малешевски статус на регионот од каде почнала мисијата на словенските просветители св. Крил и Методиј. Наша цел е да ја вратиме во живот Малешевијата со повикот „Сите за еден и еден за сите или Малешевци за Малешево", а како посебни цели и задачи се:

- Еднаш годишно сите кои живеат надвор од родниот крај да се вратат во малешевијата;
- Да се овозможи правна помош на сите кои во општествениот систем се обесправени;
- Да се оствари поголема грижа за лицата со попреченост, со посебни здравствени потреби;
- Да се подобри грижата за самци, бездомни лица и самохрани родители, а особено за маргинализираните и ранливи категории на граѓани;

- Да се подигне на највисоко ниво заштитата на стари и изнемоштени лица;
- Да се унапреди земјделството, да се зачуваат шумите и да се искористат шумските плодови за одржлив развој;
- Да се зголеми постојниот стопански потенцијал и враќање на индустриските капацитети, занаетчиството, земјоделските ресурсри кои се на работ на изумирање;
- Да се овозможи поддршка на спортските и рекреативните здруженија кај младите лица, средношколците и старите лица;
- Да се промовираат туристичките потенцијали преку различни активности и проекти од домашна и меѓународна поддршка;
- Да се организираат и да се учествува на семинари, предавања, симпозиуми, обуки, работилници, изложби, фестивали, јавни приредби, видео презентации, и други манифестации од областа на културата и традицијата;
- Да се издаваат информативни материјали, книги, брошури, компакт-дискови филмови и други матерјали за културата, традицијата, обичаите, народните игри и песни, инструменти, носии и други уметнички манифестации;
- Да се врши посредување во културата и да се организира музичка и сценска уметничка дејност;
- Да се учествува на меѓународни настани и фестивалии и да се спроведуваат заеднички проекти за членовите на здружението;
- Да се покренат иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите и задачите на Здружението;
- Да се формираат тимови по области за имплементација на Стратешките документи на Здружението;
- Организира и учествува во хуманитарни донации и настани;
- Организирање на локални, регионални, национални и меѓународни фестивали и други настани и манифестации;
- Да се врши упис на нови членови;
- Претставување и застапување на членовите.
- Вршење на други работи согласно Статут на здружението, Законите и Уставот на РСМ.

**Член 9**

Здружението со посебна одлука може да формира акционерско друштво, друштво со ограничена одговорност и друг облик, согласно Законот за трговски друштва на РСМ.

Здружението работи врз основа на план и програма за работа.

**Член 10**

Своите цели и задачи здружението ги остварува преку утврдена Програма за работа, односно преку следниве активности:

- Донесување на финансиски план;
- Обезбедување на просторија и организирање на работата на канцеларијата за непречено одвивање на активностите;
- Лобирање кај надлежните институции за подобрување на културното и образовно ниво и подобра економска положба на маргинализираните групи на граѓани;
- Организирање на фестивали и настани од областа на традицијата и клултурата;
- Зголемување на бројот на членовите, преку анимирање на младите;
- Спроведување на проекти и програми преку барање на донации од домашни и странски организации/институции за обезбедување на средства за работа;

- Медиумски настапи за зголемување на видливоста на здружението;
- Соработка со слични организации од земјава и од странство;
- Организирање на хуманитарни настани и манифестации.
- Други прашање кои не се предвидени со програмата, а во текот на годината ќе се појават како важни за решавање;

## Членување

### Член 11

Член на Здружението Малешевци за Малешевијата може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Северна Македонија и/или странец, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање на писмена изјава.
Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во здружението со давање на потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување, во согласност со Закон.
Зачленувањето на Здружението се врши со пристапница односно со издавање на членска книшка, која при исклучување или престанок на членувањето во Здружението, задолжително се враќа со потпишување на лична писмена изјава.

Здружението„Малешевци за Малешевијата"за своите членови води регистар на членство кој се ажурира најмалку еднаш годишно. Податоците од регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

### Член 12

Членот има право да бира и да биде биран во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението, да придонесува во развојот, промовирање и популарноста на Здружението, доброволно да се откаже од членувањето, да ги изнесува своите ставови по поставени прашања. Правото да бидат избрани е ограничено само за малолетните членови.

### Член 13

Членовите на Здружението се должни:
- да го почитуваат Статутот,
- да присуствуваат на состаноците, да доставуваат податоци и извештаи за работата на Здружението во остварувњето на целите на Здружението.
- да земаат активно учество во спроведувањето на Програмата на активностите на Здружението,
- да ги извршуваат активностите предвидени со Програмата за работа.

### Член 14

Членството во Здружението може да престане:
- по барање на членот на Здружението,
- ако не го почитува Статутот и обврските кои произлегуваат од него,
- ако дејствува против целите на Здружението,
- ако не ја плаќа редовно членарината,

Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Управниот Одбор на Здружението.

## Јавноста во работата

### Член 15

Работата на здружението Малешевци за Малешевијата е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување (на членовите, други здруженија или пошироката јавност) за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесувањеизвештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално – финансиско работење и друго.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата,интернет стараницакако и списанието и таблата за јавно огласување која стои на видно место во просториите на самото здружение.

## Финансирање на здружението

### Член 16

Здружението остварува средства од:

- членарина,
- донации, доброволни прилози,
- буџет на РСМ и локалните самоуправи,
- давање на услуги на други здруженија, организации и институции
- провизии од органи, организации,заедници и од други установи,
- од трговски друштва и други правни лица;
- од други услуги (имотни права и сл.),
- од други извори предвидени со Законот и Статутот

### Член 17

Користење и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми, утврдени со финансискиот план и врз основа на валидни документи.

### Член 18

За користење и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежносите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целосообразно користење на средствата и за спречување и отсранување на незаконитостите.

### Член 19

Здружението Малешевци за Малешевијата донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 16 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, материјали, трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата на Здружението. Финансискиот план може во секое време да се измени.

## Органи на Здружението

### Член 20

Органи на Малешевци за Малешевијата се:

1. Собрание
2. Претседател
3. Управен одбор

### Собрание на здружението

### Член 21

Собранието е највисок орган на Здружението. Собранието на Здружението Малешевци за Малешевијата го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението.
Собранието избира Претседател со мандат од 4 години со право на повторен избор. Претседателот го застапува и претставува Здружението.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

### Член 22

Изборното Собрание се свикува на секои 4 години и конституирањето на органите и телата мора да се изврши 30 дена пред истекот на мандатот на членовите на органите и телата.

Поканата со материјалите за дневен ред во писмена форма се доставуваат најмалку 7 дена пред одржување на седницата.

### Член 23

На изборното собрание се избира:

- Работно претседателство од три члена;
- Записничар;
- Двајца оверувачи на записникот;
- Органи на управување на Здружението.

### Член 24

Седници на Собрание свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива.

Седници на Собранието се свикува и по предлог на Управниот одбор на Здружението илина 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

Седницата на Собранието за работа на Управниот одбор може да се свика и по предлог на Надзорниот одбор.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

### Член 25

Собранието на Здружението Малешевци за Малешевијата од Берово од редовите на своите членови на редовни или вонредни собранија избира Управен одбор.

### Член 26

Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.
На собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од 1/3 од членовите / делегатите гласањето може да биде и тајно.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 27**

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува Статут на Здружението Малешевци за Малешевијата и врши измени и дополнувања на истиот;
- Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа,
- Усвојува завршна сметка и финансиски план,
- Одлучува за промена на целта на здружувањето
- Одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации.
- Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- Избира Претседател на Здружението;
- Донесува програма за работа на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Управниот одбор;
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Управниот одбор помеѓу две собранија;
- Ја следи материјално финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението;
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите,

**Управен обор**

**Член 28**

Управниот Одбор на здружението„Малешевци за Малешевијата одБерово е Управен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развој на здружението во согласност на Статутот.
Член на Управниот одбор се изема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен и за прашања кои се однесуваат на некое лице врз кое тој има контрола или економски интерес .

**Член 29**

Управниот Одбор на Здружението Малешевци за Малешевијата од Берово брои три члена.

Мандатот на членовите на Управниот Одбор трае четири години.

Управниот одбор од своите редови избира Претседател со мандат од 4 години со можност да биде повторно избран.

Претседателот на Управниот Одбор истовремено е и претседател на Собранието на Здружението и претседател на Здружението и тој го претставува и застапува Здружението и е наредбодавател и во областа на материјално и финансиско работење на друштвото.

**Член 30**

Претседателот на Управниот одбор ги свикува седниците на Управниот одбор, предлага дневен ред и ги раководи седниците.

Во случај на отсутност на претседателот на Управниот одбор на седницата го заменува еден од членовите на Управниотодбор по предлог на претседателот.

Претседателот е должен да свика седница на Управниот одбор најмалку еднашна три месеци, а по потреба повеќе пати по барање на 1/2 од членовите на Управниот одбор.

**Член 31**

Управниот Одбор ги врши следниве работи:

- Ги подготвува седниците на Собранието, припрема материјали за седниците на Собранието;
- Го подготвува нацрт статутот, предлага измени и дополнување на статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на собранието;
- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението;
- Формира Стручна служба и врши контрола на нејзината работа;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;
- Подготвува годишен и периодичен извештај за својата работа;
- Донесува и реализира годишна програма за работа;
- Донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членување доколку за тоа биде овластен извршниот одбор од страна на собранието;
- Именува и разрешува секретар- Главен координатор на Здружението;
- Донесува одлуки за формирање на постојани и повремени работни тела и комисии и ја насочува нивната работа;
- Организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- Доделува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- Дава согласност за набавка и отуѓување на основните средства;
- Дава согласност на Правилникот за организација и работните задачи на стручната служба на Здружението, и врши контрола на нејзиното работење;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Предлага и спроведува финансиски план и изготвува завршна сметка на Здружението;
- Решава за формирање на ограноци на Здружението;
- Именува членови на стручната служба на Здружението;
- Донесува акти со кои се уредува работата на Стручната служба;
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

**Член 32**

Управниот Одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.

Управниот Одбор се состанува и одржува седници по потреба.

Седницата на Управниот Одбор ја свикува Претседателот.

Предлог за свикување на Управниот Одбор може да поднесе една половина од Управниот одбор или една третина од членовите на Собранието.

Со седницата раководи и претседава Претседателот, а во негово отсуство ќе раководи член од Управниот одбор кој ќе го назначи Претседателот.

Начинот на свикување на сѐдницата и работењето на Управниот Одбор се уредува со деловникот за работа.

Членовите на Управниот одбор во секое време треба да ги имаат целите и интересите на здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 33**

Заради извршување на статутарните и програмските задачи и Одлуки на Собранието и Управниот одбор, Управниот одбор формира други работни тела.

**Стручна служба**

**Член 34**

За извршување на административно стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението се формира стручна служба.

Организацијата и работата на Стручната служба се уредува со акти кои што ги донесува Управниот одбор.

**Член 35**

Правата, должностите и одговорностите за работа на вработените на Стручната служба на Здружението - Координаторите на програми ги утврдува Главниот Координатор на програма, кој раководи со стручната служба на Здружението.

**Член 36**

Главниот Координатор на програма е истовремено и координатор на Здружението, и истиот може да биде во редовен работен однос како и другите координатори сосите права, должности и одговорности што произлегуваат од ЗРО, Статутот и актите на Здружението.

**Член 37**

Главен координатор и Координатор/и на програма/и може да биде лице со најмалку три години работно искуство во странски и домашни невладини организации, пожелновисоко образование, познавање на странски јазик и работа со компјутери, пишување и раководење на проекти, висок степен на познавање на областа во која делува здружението, како изразени организациони и менаџерски способности и квалитети.

**Член 38**

Вработените во стручните служби не можат да бидат избрани за членови на извршните органи на здружението на граѓани.

**Член 39**

Изборот на Главен Координатор и Координаторите на програми го врши Управниот одбор на здружението со мнозинство од гласовите имајќи ги во предвид одредбите од став два од чл.28 од Статутов.

**Член 40**

Главниот Координаторот на програма е одговорен за извршување на финансискиот план и се грижи за извршување на одлуките и заклучоците на Управниот Одбор и Собранието на Здружението.

Главниот координатор и координаторите на програма се одговорни за својата работа пред Управниот Одбор.

Главниот координатор и координаторите на програма учествуваат во работата на Извршниот одбор без право на глас.

Главниот координатор и координаторите на програма имаат право да свикаат седница на Управниот одбор доколку за тоа имаат согласност од 1/2 од членовите на Управниот одбор.

**Член 41**

Средствата за работа на стручната служба и Координаторите на програми се определуваат со финансискиот план секоја година, и тоа средства за плати, материјални трошоци и други тековни средства за работа на Здружението.

## Престанок на Здружението

**Член 42**

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение;
- Ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

Основачите на здружението„Малешевци за Малешевијата“ имаат право да го укинат здружението.

**Член 43**

Во случај на престанок на работатата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на организација истоветна на здружението.

**Член 44**

Доколку неможат да се исполнат условите утврдени во Членот 46, во случај на престанување на работата на здружението неговиот имот преминува во сопственост на Општина Берово.

## ЗАШТИТЕН ЗНАК НА ЗДРУЖЕНИЕТО-ЛОГО

**Член 45**

Здружението треба да поседува заштитен знак-лого.

Знакот ќе има свој амблем, во правоаголна форма. Основата на логото е територијата на општината со голема букба М. Буквата ги симболизира малешевските планини. На долниот дел од смибол стои текст „Каде и да сте, еднаш во годината во Малеш да сте“.

## Преодни и завршни одредби

**Член 46**

Толкување на одредбите на овој Статут го дава Собранието на Здружението, а помеѓу две Собранија, Управниот одбор на Здружението.

**Член 47**

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 48**

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување,на ден 22.04.2023 година.

**Датум и место**

22.04.2023 година, Берово

**Претседател на Здружението МалешевцизаМалешевијата од Берово**

**Име и презиме**

Ѓорѓи Пеовски

1. Ѓорѓи Пеовски ____________________
2. Роберт Николов ____________________
3. Благој Механџиски ____________________
4. Ванчо Габер ____________________
5. Васил Механџиски ____________________